Врз основа на член 61 и член 65 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14 и 44/15) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на РМ“ бр.147/08) како и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров - Скопје го дава следното:**

# И З В Е С Т У В А Њ Е

## За Јавна расправа и јавен увид

### по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Проект за инфраструктура за регулација и уредување на дел од речното корито на реката Лепенец од граница на ГУП на Град Скопје до граница на Република Македонија со Република Косово, Општина Ѓорче Петров - Скопје

**Се известуваат јавноста и невладините организации ,граѓаните и правните лица, дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на Јавна расправа и јавен увид по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Проект за инфраструктура за регулација и уредување на дел од речното корито на реката Лепенец од граница на ГУП на Град Скопје до граница на Република Македонија со Република Косово, Општина Ѓорче Петров - ,изготвен од ГЕИНГ ДОО Скопје.**

- **Јавниот увид ќе се спроведе со излагање на Извештајот во просториите на Општина Ѓорче Петров–Одделение за Урбанизам и просторно планирање, на ул.Ѓорче Петров бр.10, Скопје и на веб страната на општината www.opstinagpetrov.gov.mk и ќе трае 30 дена сметано од денот на објавувањето во јавното гласило „Утрински весник“ и на веб страната на општината.**
- **Јавната расправа по Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина** изготвен од **ГЕИНГ ДОО** Скопје ќе се одржи во просториите на општина Ѓорче Петров (сала за состаноци)на ул.Ѓорче Петров бр.73, Скопје на **18.11.2015год. со почеток во 09 ч.**

Во определениот рок заинтересираната јавност, правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да достават мислења по истиот на **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk**.

**Број 09-3001/2**
**од 30.102015година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**